**17.3.2022**

**.**



.

Денес, во организација на ООУ „Браќа Миладиновци“ и Општина Демир Хисар, се одбележа патрониот празник на основното општинско училиште, со културно - уметничка програма подготвена од страна на учениците и нивните наставници. .



. Градоначалникот Најдовски, им го честита патрониот празник и изрази благодарност до директорот на училиштето, Никола Крстевски и до целиот просветен

кадар што го удостоија да присуствува и што му се укажува чест да биде дел од овие убави моменти збогатени со пригодна свечена церемонија, со искрени пожелби да бидат уште поуспешни и да постигнат попозитивни резултати, како во полза на учениците, наставниците и родителите, така и во полза на пошироката заедница. - За нас како локална самоуправа многу е значајна соработката со ООУ „Браќа Миладиновци“ што, во оваа прилика, сакам да истакнам дека, ја имате мојата целосна поддршка, рече градоначалникот.

.

Во рамките на денешното чествување и посетата на училиштето, градоначалникот Најдовски рече дека завршена е ѝ комплетна реконструкција на училница и ходник, со промена на плафони и обработка на ѕидови и под во ООУ „Браќа Миладиновци“, с. Жван.

„Инвестициите во образованието се наша примарна цел, и затоа, заслужува поголемо внимание и реформација за да добиеме поквалитетно образование. Остварувајќи и спроведувајќи ги доследно своите директни законски надлежности ќе продолжиме да креираме сериозни проекции во поддршка на образованието и ќе настојуваме во континуитет да обезбедиме најквалитетни услови за едукација на нашите најмлади сограѓани.

Јас се надевам и очекувам, дека во периодот што следува дополнително ќе се потрудиме да се издвоиме од останатите преку проекти што планираме да ги имплементираме, бидејќи имаме амбиција, имаме способности, имаме капацитет и, поважното од сè друго, имаме мотив и елан за работа и добри дела за новите генерации“, истакна, меѓу другото, градоначалникот Најдовски.

.

.


Потоа